РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
AGJENCIA E MBROJTJES TË SË DREJTËS PËR QASJE TË LIRË NË INFORMACIONE ME KARAKTER PUBLIK
AGENCY FOR PROTECTION OF THE RIGHT TO FREE ACCESS TO PUBLIC INFORMATION

Бр./ Nr./ No. 04-8/11 Скопје,Shkup,Skopje 16.03 2023 година/viti/year

Врз основа на член 30 став 1 алинеа 2, став 3 и член 48 став 4 од Законот за администратривни службеници ("Службен весник на РМ" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на РСМ" бр.275/19,14/20, 215/21 и 99/22) и член 2 и 3 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое објавен интерен оглас („Службен весник на РМ" бр.11/15, 35/18 и 303/20), а согласно Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер (бр.01-439/2 од 06.10.2020 година, број 01-66/2 од 12.02.2021 година, број 01-66/5 од 29.04.2021 година, број 01-66/8 од 13.12.2021 година, број 01-461/7 од 14.09.2022 година и број 01-84/1 од 14.02.2023 година), Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер објавува:

## Интерен оглас број 01/2023
## за унапредување еден (1) административен службеник во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер објавува интерен оглас за унапредување на 1 (еден) административен службеник за следното работно место:

1. Државен советник за соработка со имателите на информации, меѓународна соработка и проекти, со звање Државен советник и шифра на работното место УПР 01 01 Б01 000, еден (1) извршител:

**Посебни услови:**

- ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен- Правни науки или економски науки и
- најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор.

**Општи работни компетенции:**

- учење и развој,
- комуникација,

- остварување резултати,
- работење со други/тимска работа,
- стратешка свест,
- ориентираност кон странките/засегнати страни,
- раководење и
- финансиско управување.

**Посебни работни компетенции:**

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и
- потврда за положен испит за административно управување.

**Распоред на работно време:**

- **Работни денови:** понеделник-петок.
- **Работни часови неделно:** 40.
- **Опис за работното време:** времетраење на работниот ден е осум часа со почеток на работното време помеѓу 7:30 и 08:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот.

**Паричен нето износ на плата: 39.160,00 денари.**

На интерниот оглас може да се јави административен службеник, вработен во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво предвидени со Законот за административни службеници и во актот за систематизација, како и:
- да е оценет со оцена „ А " или „ Б " при последното оценување на кое бил оценуван,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на истото ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

**Начин и рок за доставување на пријава за унапредување**

**Документите да бидат оригинални или заверени во нотар.**

Рокот за доставување на пријавата и доказите за исполнување на условите од огласот, изнесува 5 (пет) дена, од денот на објавувањето на огласот на Веб страницата на Агенцијата за администрација и Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер. Условите наведени во огласот, кандидатот треба да ги исполнува во моментот на пријавувањето.

Кандитатот може да поднесе ПРИЈАВА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ на административен службеник (Интерен оглас), во писмена форма преку архивата на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

**Напомена**: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дискфаликува од натамошна постапка.

**Генерален секретар,**
**М-р.Тања Ковачев**

Бул. „Гоце Делчев" бр.18 Скопје, П.Фах.561
Bul. "Goce Dellçev" nr.18 Shkup F.P.561
Blvd."Goce Delcev" no.18 Skopje, PO.Box.561
тел. / tel. / phone: +389 2 3127 453; +389 2 3118 038
факс / faks / fax: +389 2 3114 695
Web: http://www.aspi.mk
e-mail: aspi@aspi.mk

## ОБРАЗЕЦ ЗА ПРИЈАВА ПО ИНТЕРЕН ОГЛАС ЗА АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДНИОТ ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

1. Податоци за огласот:
   - Број на интерниот оглас ____________________
   - Реден број на работното место за кое се пријавува ____________________

2. Лични податоци за кандидатот:
   - Име ____________________
   - Презиме ____________________
   - Вработен во сектор (тековно работно место, ниво) ____________________
   - Припадност на заедница ____________________
   - Контакт телефон ____________________

3. Податоци за исполнување на посебните услови:
   - Степен на образование или стекнати кредити според ЕКТС: IV, VI, VII/1; VA 60-120, VIA 240, VIБ 180 ЕКТС ____________________
   - Вид на образование
   - Образование и институција ____________________
   - Насока ____________________
   - Датум и број на диплома ____________________
   - Податоци за работно искуство – години, месеци ____________________

4. Податоци за оценување во последните три (3) години пред објавување на интерниот оглас ____________________
____________________
____________________

5. Податоци за изречена дисциплинска мерка едн (1) година пред објавување на интерниот оглас ____________________

6. Податоци за звањето на административниот службеник во послдните две години пред објавување на интерниот оглас ____________________

Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во образецот за пријавата за унапредување се веродостојни и дека на барање на надлежниот орган ќе доставам докази, во оригинал или копија заверена на нотар.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошната постапка.

Подносител на пријавата,

____________________